Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-330/2
Датум: 03-04-2025

Постапувајќи по претставка бр. 08 - 330/1 од 26.3.2025 година поднесена од [redacted] со адреса на живеење на [redacted] во Скопје, против Самостоен синдикат за образование, наука и култура, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**
**за отфрлање на претставка поради ненадлежност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката заведена под бр. 08 – 330/1 од 26.1.2025 година, поднесена од [redacted] против Самостоен синдикат за образование, наука и култура, **поради ненадлежност**.

**Образложение**

На ден 26.1.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на [redacted] против Самостоен синдикат за образование, наука и култура („**СОНК** "), заведена под бр. 08 – 330/1.

Во претставката се наведува дека подносителката [redacted] и други вработени во Јавна детска градинка „8 Март" – Скопје биле членови на СОНК 3 години. Понатаму, врз основа на барањата за доброволно истапување од членство во СОНК, добиле одговор од страна на претседателката на синдикална организација на СОНК при Јавна детска градинка „8 Март" – Скопје дека повеќе нема да бидат членови на синдикатот, но уште три години месечно ќе им се одбивала членарина од платата во износ од 1%.

<u>Во прилог на претставката беше доставена следната документација:</u> известувања до Јавна детска градинка „8 Март" – Скопје, известувања од страна на претседателот на синдикална организација на СОНК при Јавна детска градинка „8 Март" – Скопје, одговори од страна на [redacted] Јавна детска градинка „8 Март" – Скопје, [redacted]

**По разгледувањето на претставката, Комисијата констатира дека адресираниот проблем не спаѓа во рамки на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, предвидени во член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Наводите од претставката се однесуваат на задршка на синдикална членарина, и покрај тоа што подносителката и други вработени веќе не се членови на синдикатот, што не претставува прашање од областа на дискриминација. Регулирањето на членството, неговиот прекин, како и обврската за плаќање на членарина, претставуваат внатрешни прашања на синдикатот и не претставуваат предмет за оценка од аспект на дискриминација, освен во случај кога се засноваат на една од заштитните карактеристики утврдени со член 5 од Законот. Во таа насока, подносителката може да побара правна заштита пред надлежен суд.**

<u>Имено, член 5 дискриминацијата ја предвидува врз основа на</u> *раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст,*

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа*, а во врска со член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, според кој: *„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други...“*

**Имајќи предвид дека во конкретниот случај е опфатен проблем кој не се однесува на барање на заштита на права врз основа на дискриминаторска основа, односно барање за заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради ненадлежност.**

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]